Општина Валандово

# З А П И С Н И К

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на
Буџетот на Општина Валандово за 2021 година

На ден 11.11.2020 година, поради пандемијата предизвикана од Covid-19 и неможноста и забраната за собири во затворени простории, на својата официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и официјалната facebook страна Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 11.11.2020 – 20.11.2020 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата и граѓанските организации во креирање на Буџетот на општината со придонес од свои идеи, предлози и критики.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 104 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот вкупно одговориле 62 мажи и 42 жени.
- Според возраста 39 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 64 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и 1 одговор од лице кое е над 64 години.

- Според националноста одговори пристигнаа од 93 лица од македонска националност, 6 лица од српска националност, 3 лица од турска националност и 2 лица од друга националност.
- Според населено место имаме 60 одговори за/од Валандово, 12 за/од Пирава, 10 за/од Јосифово, 6 за/одРаброво, 5 за/од Брајковци, 3 за/од Марвинци, по 2 за/од Горна Маала и Калково, и по 1 одговор за/од Удово, Балинци, Собри и Башибос.
- Според избраната област одговори добивме: 24 за улици, патишта и тротоари, 18 за млади, спорт и култура, 15 за водовод и канализација, 7 за паркови и зеленило, по 6 за образование и урбана опрема, 5 за кучиња скитници, 4 за општински служби, по 3 за екологија, собирање на смет и сообраќајна канализација, 2 за дивоградби и 8 одговори за друга тема.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат вметнати во самиот Буџет.**

Изработил:
Владимир Лазов

**М.П**